# ШТО Е НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ?

Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN



Народниот правобранител е независен орган утврден со Устав. Во 2017 и 2019 Народниот правобранител започна да ги спроведува новите надлежности со што ги зголеми можностите за заштита на правата на граѓаните. Покрај веќе постојните надлежности, Народниот правобранител почна да дејствува како пријател на судот, механизам за граѓанска контрола, да врши мониторинг на спроведувањето на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост и да дејствува како Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција.



## ШТО МОЖЕ НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ДА НАПРАВИ?

Кога ќе констатира повреда на право на граѓанин, Народниот правобранител дава препораки, мислења, сугестии, укажувања до државните институции за отстранување на повредите. Органите треба да ги почитуваат неговите интервенции во спротивно Народниот правобранител може да го извести повисокиот орган (директорот/функционерот кој раководи со органот, Владата), со посебен извештај да го информира Собранието или да го изложи на јавна критика секој кој извршил повреда, а не постапува по препораката на Народниот правобранител.

## ШТО НЕ МОЖЕ НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ДА НАПРАВИ?

Народниот правобранител мериторно не одлучува за правата на граѓаните, не може да ги менува донесените управни-судски одлуки, нема право да казнува ниту да делува како судски орган.

## ШТО ОТКАКО ЌЕ ПОДНЕСЕТЕ ПРЕТСТАВКА?

Претставката се разгледува и доколку има основа за постапување Народниот правобранител покренува постапка, а за постапувањето го известува подносителот. Доколку претставката е неоснована, не се покренува постапка, но граѓанинот добива правен совет.

## КАКО ДА СЕ ОБРАТИТЕ ДО НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ?

Секогаш кога сметате дека ви се повредени правата или пак ви треба правен совет може лично да дојдете во канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје, како и во подрачните канцеларии во Тетово, Куманово, Кичево, Битола, Струмица и Штип. Може да се обратите по телефон, писмено по пошта, телефакс или по електронски пат.

### Народен правобранител




### НПМ:




### Пријател на судот



### Механизам за граѓанска контрола



### Мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост



### Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција



**КОНТАКТ**
Народен правобранител
Ул. „Македонија" бр. 19, Скопје
+389 2 3129 335
contact@ombudsman.mk

**ОБРАТИ СЕ КАЈ НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ**